# ОПШТИНА БЕРОВО

# ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ СО СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА ВО ОПШТИНА БЕРОВО ЗА 2026 ГОДИНА



Изработила:
Биљана Марковска
Раководител на
Одделение за јавни дејности

Разгледува: Комисија за јавни дејности
Донесува: Совет на општина Берово

Врз основа на член 22 став 1 точка 5, член 36 и член 62 од Законот за локална самоуправа („Службен Весник на Република Македонија“ бр.5/02 и Службен весник на РСМ бр.202/24), член 16 став 1 точка 5, член 19 и член 73 од Статутот на Општина Берово („Службен гласник на Општина Берово бр.13/02, 18/07, 30/08, 20/10, 20/19, 47/21 и 30/23) и член 17 од Законот за меморијални споменици и спомен обележјата („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08 и 152/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 103/21 Советот на Општина Берово на 4-та седница одржана на 05.12.2025 година, донесе:

# ПРОГРАМА ЗА ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ И ИСТАКНАТИ ЛИЧНОСТИ СО СПОМЕН-ОБЕЛЕЖЈА ВО ОПШТИНА БЕРОВО

## ВОВЕД

Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со Спомен обележја со цел зачувување и негување на историјата, историските и културните вредности на градот.

На територијата на Општина Берово досега се изградени поголем број споменици, спомен бисти, спомен плочи. Во наследство на денешните генерации останува да се зачува споменот на значајни настани и истакнати личности од историјата и културата на граѓаните на општината на македонскиот народ. Со поставувањето на спомен обележјата ќе се изрази почит и грижа на граѓаните на општината кон значајните културни и историски настани и личности, ќе се зачува споменот на нивниот лик и дело. Преку уметничките и архитектонските дела поставени на јавни површини ќе се одбележи ваквата почит и грижа.

Со оваа Програма се утврдуваат приоритети кои Општина Берово ќе ги опфати со одбележување на личности и дела на личности од значење за историјата и културата како и подигање на спомен обележја на подрачјето на општината.

Со Програмата за одбележување на значајни настани и истакнати личности со спомен-обележја во Општина Берово, општината поблиску ги регулира прашањата поврзани со одбележувањето на значајни настани и истакнати личности, што се од локално значаење, условите и постапката за подигање на спомен обележјата, субјектите одговорни за нивното подигање, заштита, чување, регистрите за нивна евиденција, како и надзорот и контролата над спроведувањето на одредбите од Законот за меморијални споменици и спомен – обележјата, регистрите за нивна евиденција, како и надзорот и контролата над спроведувањето на одредбите од Законот за меморијални споменици и спомен обележјата ( Сл.весник на РМ бр. 66/04, 89/08 и 152/15).

Спомен обележје може да подига општината, согласно со гореспоменатиот и друг закон.

Правни и физички лица можат да дадат иницијатива до Советот на општината за подигање на спомен – обележје, како и да вложуваат средства за негово подигање.

## ЦЕЛИ

Основни цели на оваа програма се :

- Обезбедување на активен однос на Општина Берово кон значајни настани и

личности

- Сочувување и афирмирање на материјалното и духовно наследство, настаните од овие датуми и личности кои во нив учествувале.

- Сочувување и афирмирање на историскиот идентитет на Општината Берово

**АКТИВНОСТИ**

Активностите на Општина Берово во одбележувањето на значајни настани и личности во општината ќе бидат насочени кон поттикнување, подржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Сочувување на континуитетот на одбележување на значајни настани и личности;

- Одбележување на значајни настани и личности кои и даваат посебно обележје на Општина Берово со спомен-обележја;

- Остварување на продуктивна соработка со асоцијации, организации и фондови кои го реализираат и помагаат одбележувањето на овие датуми и личности.

| ОРГАНИЗАЦИЈА И ПОДДРШКА НА МАНИФЕСТАЦИИ | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Празници, манифестации, настани | Активности | Носители на активноста | Извори на средства | |
| | | | ЕЛС | Други извори |
| **23 јуни** | Одбележување на годишнина од смртта на загинатите бранители во воениот конфликт во македонија 2001 година | Општина Берово, Дом на култура Димитар Беровски | 3.000,00 | |
| **23 август Ден на ослободувањето на Берово** | Одбележување Денот на ослободувањето на Берово | Општина Берово, Дом на култура Димитар Беровски | | |
| **8 септември Ден на независноста на Република Македонија** | Одбележување на Денот на независноста | Општина Берово, Дом на култура Димитар Беровски | 3.000,00 | |
| **18 септември Формирањето на 50-та Дивизија на НОВ и ПОМ, с. Митрашинци** | Одбележување на Формирањето на 50-та Дивизија на НОВ и ПОМ, с. Митрашинци | Резервни офицери на РМ, ОЕ на Берово-Пехчево во соработка со Општина Берово | 3 000,00 | |
| **Октомври Годишнина од загинувањето на Ацо Караманов** | Одбележување на годишнина од загинувањето на Ацо Караманов | Општина Берово, Дом на култура, Општина Радовиш | 3 000,00 | |
| **11 Октомври,** | Свечена академија | Општина Берово во | 3.000,00 | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ден на народното востание** | со културно - уметничка програма | соработка со Дом на култура„Димитар Беровски“ | | |
| **19 октомври Годишнина од формирањето на 51-та Дивизија на НОВ и ПОМ и бригадите во нејзиниот состав, с.Владимирово** | Положување свежо цвеќе | Резервни офицери на РМ, ОЕ на Берово-Пехчево во соработка со Општина Берово | 3 000,00 | |
| **23 Октомври Ден на македонската революционерна борба** | Положување свежо цвеќе | Општина Берово во соработка со Дом на култура„Димитар Беровски | 3.000,00 | |
| **Ноември Спомен костурница** | Положување свежо цвеќе | Општина Берово во соработка со Дом на култура„Димитар Беровски | 3.000,00 | |
| **Марш до Петлец - Русиново** | | МЗ с.Русиново во соработка со Општина Берово | 3 000,00 | |
| **Вкупно** | | | | **27.000,00 денари** |

## ПОДИГАЊЕ, ЗАШТИТА И ОДРЖУВАЊЕ НА СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА

| ПОДИГАЊЕ, ЗАШТИТА И ОДРЖУВАЊЕ НА СПОМЕНИЦИ И СПОМЕН ОБЕЛЕЖЈА | | | |
|---|---|---|---|
| Споменици и спомен обележја | Активности | Носители на активноста | Средства |
| Изработка на проект за реконструкција и санација на Спомеников во с. Митрашинци подигнат во спомен на Формирањето на 50-та Дивизија на НОВ и ПОМ | Реконструкција и санација | Општина Берово | 60.000,00 |
| Спомен костурница во близина на градски стадион | Реконструкција и санација | Општина Берово | 400.000,00 |
| **Вкупно** | | | **460.000,00** |

Општина Берово може да ја проширува оваа Програма и со спомен обележја по иницијатива на правни и физички лица во согласност со Законот за меморијални споменици и спомен обележја.

## ФИНАНСИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Финансирањето на изградбата на спомен-обележјата како и трошоците за чување, одржување и заштита на спомен обележјата ќе се врши од средства на Буџетот на Општина Берово, од Буџетот на Република Северна Македонија, од донации како и од други извори во согласност со закон.

За одредени активности кои не се содржани во Програмата, а за кои што Советот на Општина Берово, на предлог на Градоначалникот ќе процени дека по својата актуелност и квалитет предизвикуваат поширок јавен интерес, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Берово.

**РЕАЛИЗАЦИЈА**

За подигањето, чувањето, одржувањето, заштитата и користењето на секое спомен-обележје содржано во Програмата, Советот на Општината ќе донесе посебна одлука.

За секое спомен-обележје содржано во Програмата, односно за спроведување на постапката за негово подигање, Советот на Општина Берово ќе именува Одбор за подигање на спомен-обележје. Составот и делокругот на Одборот се определува во актот за неговото именување.

Иницијатива за дополнување на оваа Програма за подигање на спомен-обележја како и вложување средства за нивно подигање можат да дадат правни и физички лица до Советот на Општина Берово.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Берово“.

Број 09-4372/1
05.12.2025 год.
Берово

Совет на општина Берово
Претседател
с.р. Владко Шахпаски